Македонска академија на науките и уметностите
Бул. Крсте Мисирков 2, Скопје, Република Северна Македонија
Тел.: + 389 02 3 235-400; Факс: + 389 02 3235-500
e-mail: manu@manu.edu.mk

арх. бр. 03-1033/2
19.3.2019 година

ПОЕДНОСТАВЕНА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
ПОСТАПКА СО БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ
*[преку ЕСЈН со е-аукција]*

# ОГЛАС БРОЈ 20/2019

***Услуги за одржување на хигиена во зграда***

*Скопје, март 2019 година*

**Инструкции за понудувачите**

**1.1. Договорен орган**

Македонска академија на науките и уметностите, со адреса бул. Крсте Мисирков, бр. 2, Скопје, телефон за контакт: 3235-400, факс: 3235 500, e-mail: manu@manu.edu.mk, лице за контакт: Александар Стојановски, e-mail: ace@manu.edu.mk

**1.2. Предмет на договорот за јавна набавка**

1.2.1. Предмет на договорот за јавна набавка е **Услуги за одржување на хигиена во зграда.**
Детален опис на предметот на договорот е даден во техничките спецификации во прилог на оваа тендерска документација.

1.2.2. Предметот на договорот не е делив на делови. Економскиот оператор во својата понуда треба да ги вклучи сите составни делови. Во спротивно понудата ќе се смета за неприфатлива.

**1.3. Вредност на понудата**

Проценетата вредност на предметната набавка за период од 1 (една) година без вклучен ДДВ изнесува 600.000 денари, односно 708.000 денари со вклучен ДДВ од 18 %.

**1.4. Начин и рок на извршување на услугите**

Носителот на набавката се обврзува да извршува услуги за чистење и хигиенско одржување на деловните простории, скалишниот простор, тоалетите, ходниците, скалишниот простор пред влезовите. Хигиенското одржување потребно е да се врши во зградата со кои располага договорниот орган со вкупна површина од 1.200 м$^2$, од кој еден дел од 500 м$^2$ и еден дел од 700 м$^2$ комбинација тврди и меки подови. Чистењето и хигиенското одржување предвидено е да се остварува со ангажирање на минимум 2 (две) лица од понеделник до петок и тоа прва смена со работно време од 7:00 до 13:00 часот.

Носителот на набавката е должен предметот на договорот – услугата да ја извршува во просториите на МАНУ, секој работен ден во времетраење од 1 (една) година. Детален опис на начинот на извршувањето на услугата е дадена во техничката спецификација.

Носителот на набавката е должен предметот на договорот – услугата периодични шестмесечни задолжителни активности / Генерално чистење да ја извршува 2 пати годишно во просториите на МАНУ, според потребите на Договорниот орган, по доставено барање на електронската пошта на Носителот на набавката наведена во образецот на понуда.

**1.5. Разлики во цена (корекција на цени)**

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

**1.6. Начин на плаќање**

Носителот на набавката ќе достави фактура во рок од 5 работни дена во тековниот месец, а за извршените услуги во претходниот месец.
Носителот на набавката ќе достави фактура во рок од 5 работни дена по извршување на услугата периодични шестмесечни задолжителни активности / Генерално чистење, а за извршените услуги по доставено барање на електронската пошта на Носителот на набавката наведена во образецот на понуда.
Фактурата која е издадена треба да е во согласност со член 53 од Законот за данокот на додадена вредност.
Договорниот орган плаќањето на фактурите ќе го изврши во согласност со член 6 од Законот за финансиска дисциплина.

**1.7. Право на учество**

1.7.1. Економскиот оператор кој има една или повеќе негативни референци, групата економски оператори во која членува економски оператор кој има негативна референца, како и економскиот оператор кој претставува поврзано друштво со економскиот оператор кој има негативна референца, нема право на учество.

1.7.2. Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно и странско правно и физичко лице - понудувач, кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка.

1.7.3. Право да достави понуда има и група на понудувачи без обврска за здружување во соодветна правна форма. Договорниот орган нема да бара од групата на понудувачи да се здружи во посебна правна форма доколку истата биде избрана за носител на набавката.

1.7.4. Составен дел од групната понуда е договор за поднесување групна понуда со кој членовите во групата економски оператори меѓусебно и кон договорниот орган се обврзуваат за извршување на договорот за јавна набавка. Овој договор потребно е да ги содржи следниве податоци: членот на групата кој ќе биде носител на групата, односно кој ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата, членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе го потпише договорот за јавна набавка, членот на групата кој ќе ја издаде фактурата и сметка на која ќе се вршат плаќањата, краток опис на обврските на секој од членовите на групата економски оператори за извршување на договорот.

1.7.5. Сите членови на групата на понудувачи се поединечно и солидарно одговорни пред договорниот орган за извршување на своите обврски. Договорниот орган ќе комуницира со претставникот на групата на понудувачи.

Напомена: Во моментот на поднесување на групна понуда, носителот на групата треба да биде регистриран на Електронскиот систем за јавни набавки. [1]

Носителот на групата задолжително ги потпишува со дигитален сертификат: понудата, потребните изјави и целокупната документација која самиот ја изготвува и потпишува. Доколку членовите на групата не поседуваат дигитален сертификат, потребните изјави и документацијата која тие ја изготвуваат и потпишуваат може да биде своерачно потпишана и доставена во скенирана електронска форма.

1.7.6. Економскиот оператор во рамките на иста постапка за доделување на договор за јавна набавка може да учествува само во една понуда. Сите понуди ќе бидат отфрлени ако економскиот оператор:

- учествува во повеќе од една самостојна и/или како член во групна понуда или
- учествува како подизведувач во друга самостојна и/или како член во групна понуда.

1.7.7. Економскиот оператор може да учествува како подизведувач во повеќе од една понуда.

1.7.8. Доколку економската и финансиската состојба, односно техничката или професионалната способност е поддржана од друг субјект, понудувачот е должен поддршката да ја докаже со валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање соодветните финансиски средства, односно соодветните технички или професионални ресурси (член 151 и член 154 од законот)

1.7.9. Понудувачот може да ангажира подизведувачи. Доколку понудувачот има намера дел од договорот за јавна набавка да го отстапи на еден или повеќе подизведувачи, во понудата мора да наведе податоци за делот од договорот кој има намера да го отстапи на подизведувачи, како и податоци за сите предложени подизведувачи (фирма, седиште, единствен даночен број и слично). Понудувачот е одговорен пред договорниот орган за извршување на договорот за јавна набавка, без оглед на бројот на подизведувачите.

1.7.10. Лицата кои учествувале во изработка на тендерската документација не смеат да бидат понудувачи или членови во група на понудувачи во постапката за доделување на договорот.

**2. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите**

За да учествуваат во постапката за доделување на договор, понудувачите мора да ги исполнуваат следниве критериуми за утврдување на нивната способност:

[1] Доколку е потребно да се издаде негативна референца на групата понудувачи а некој од членовите на групата не е регистриран на ЕСЈН, договорниот орган ќе ја објави негативната референца за сите членови на групата, при што нерегистрираните претходно ќе ги регистрира на ЕСЈН врз основа на доставените податоци од понудата.

2.1. Лична состојба

- во последните 5 години, на понудувачот да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- понудувачот да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
- понудувачот да нема неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки, освен ако на економскиот оператор му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа
- на понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност, и
- понудувачот е должен да дава точни податоци и да ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

2.1.1 За докажување на личната состојба:

Понудувачот го потврдува исполнувањето на критериумите за утврдување на личната состојба со изјава која ја доставува во прилог на својата понуда. Исполнетоста на останатите критериуми за утврдување на способност, понудувачот ја докажува со доставување на потребната документација утврдена во овој дел од тендерската документација:

- изјава на понудувачот дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност и
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

Понудувачот за докажување на својата лична состојба поднесува изјава дека ги исполнува предвидените критериуми за утврдување на личната состојба, која е дадена во прилог на оваа тендерска документација.

Комисијата ќе побара само од понудувачот чија понуда е утврдена за најповолна да ги достави потребните документи за личната состојба. Документите од точка 2.1.1 не смеат да бидат постари од 6 месеци од датумот определен како краен рок за поднесување на понуди. Ако договорниот орган се сомнева во документите за утврдување на личната состојба на понудувачот, тој го задржува правото да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната состојба.

Комисијата ќе прифати документи за утврдување на личната состојба кои се издадени и по денот на јавното отворање на понудите, но не подоцна од денот на донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда. Ако економскиот оператор не ги достави бараните документи во утврдениот рок од страна на комисијата за јавна набавка, или истите се невалидни или несоодветни за утврдување на личната состојба, ќе се смета дека понудувачот ја повлекол својата понуда што резултира со издавање негативна референца, а комисијата за јавна набавка ќе го покани наредниот рангиран економски оператор или ќе даде предлог за поништување на постапката.
Изјавата се поднесува во електронска форма преку ЕСЈН и истата треба да биде електронски потпишана со користење на дигитален сертификат од одговорното лице или овластениот потписник на економскиот оператор.

Подетални информации за начинот на дигитално потпишување се содржани во Прилог 2 од “Прирачник за користење на ЕСЈН“ објавен на почетната страна на ЕСЈН во делот "Економски оператори".

2.2. Способност за вршење на професионална дејност

Понудувачот треба да е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или да припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

2.2.1 За докажување на способноста за вршење на професионална дејност

- За докажување на способноста за вршење на професионалната дејност, понудувачот треба да достави со својата понуда **документ за регистрирана дејност** како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

2.3. Техничка или професионална способност

За да се квалификува како способен за извршување на предметниот договор за јавна набавка од аспект на неговата техничка или професионална способност, економскиот оператор треба да ги исполнува следниве минимални услови:

- Понудувачот да има реализирано минимум 3 (три) договори за извршени исти или слични услуги со предметот на набавката, во последните 3 (три) години;
- Понудувачот да има најмалку 3 (три) годишно искуство во предметната област на услугите.

2.3.1 Економскиот оператор го докажува исполнувањето на минималните услови од подточка 2.3 со доставување на:

- Листа на услуги на понудувачот од предметната област на услугите извршени во последните 3 (три) години со вредности, датуми, купувачи, со приложени договори или минимум 3 (три) потврди – препораки за извршени услуги издадени од примателите;
- Изјава на понудувачот дека има најмалку 3 (три) годишно потребно искуство за реализација на договорот.

2.3.2 Техничката и професионалната способност на економскиот оператор може да биде поддржана од друг субјект, без оглед на правните врски меѓу економскиот оператор и тој субјект, **освен во делот на референтната листа и претходно склучените договори.** Ако економскиот оператор ја докажува својата техничка и професионална способност повикувајќи се на поддршката од друг субјект тој е должен да ја докаже поддршката со валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање на економскиот оператор соодветните технички и професионални ресурси. Против субјектот кој ја обезбедува техничка или професионална поддршка не смее да е изречена правосилна пресуда за учество во криминална организација, корупција, измама или за перење на пари.

2.4. При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на економскиот оператор и при евалуација на понудата, комисијата преку ЕСЈН задолжително ќе побара од понудувачите да ги појаснат или дополнат документите за утврдување способност во рок од пет работни дена од крајниот рок за поднесување на понудите.

Економскиот оператор преку ЕСЈН, го прикачува документот со појаснување или дополнување во делот "Појаснување/Дополнување на поднесени документи", во рок од 3 дена денот на приемот на барањето од страна на понудувачот.

2.5. Во случај на група економски оператори, сите членови на групата поединечно ја докажуваат својата лична состојба и способноста за вршење професионална дејност.

Ако економски оператори поднесат групна понуда, економската и финансиската состојба, како и техничката и професионалната способност се докажува со земање предвид на ресурсите на сите членови во групата

**3. Појаснување, измена и дополнување на тендерската документација**

3.1. Појаснување на тендерската документација

3.1.1 Економскиот оператор може да побара појаснување на тендерската документација од договорниот орган, исклучиво во електронска форма, преку ЕСЈН, со користење на модулот "Прашања и одговори", најдоцна 3 дена пред крајниот рок за поднесување на понудите.

3.1.2 Појаснувањето договорниот орган ќе го достави преку ЕСЈН, во модулот „Прашања и одговори“, по што сите економски оператори што презеле тендерска документација ќе добијат автоматско електронско известување дека е даден одговор на поставеното прашање и ќе бидат во можност да го прочитаат појаснувањето, без при тоа да се идентификува економскиот оператор што побарал појаснување.

3.2. Измена и дополнување на тендерската документација

3.2.1. Договорниот орган го задржува правото најдоцна 3 дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања за објаснување поднесени од страна на понудувачите, да ја измени или да ја дополни тендерската документација, за што веднаш ќе ги извести сите економски оператори што неа ја подигнале.

3.2.2 Во случај на измена на тендерската документација, договорниот орган ќе го продолжи крајниот рок за доставување на понудата за најмалку 6 дена.

3.2.3 Во случај на измена и дополнување на тендерската документација објавена на ЕСЈН како и продолжување на крајниот рок, договорниот орган е должен да ја објави направената измена преку ЕСЈН, по што сите економски оператори што презеле тендерска документација до моментот на измената ќе добијат автоматско електронско известување дека е објавена измена за конкретниот оглас.

**4. Изготвување и поднесување на понудите**

4.1. Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во тендерската документација во електронска форма, со користење на обрасците дадени во прилог.

Доколку понудувачот има намера дел од договорот за јавна набавка да го отстапи на еден или повеќе подизведувачи, во понудата мора да наведе податоци за делот од договорот кој има намера да го отстапи на подизведувачи, како и податоци за сите предложени подизведувачи (фирма, седиште, единствен даночен број и слично). Понудувачот е одговорен пред договорниот орган за извршување на договорот за јавна набавка, без оглед на бројот на подизведувачите.

4.2. Понудата се поднесува во електронска форма преку ЕСЈН и истата треба да биде електронски потпишана со користење на дигитален сертификат од одговорното лице на економскиот оператор или лице овластено од него. Дигиталниот сертификат треба да биде со важност најмалку до моментот на јавното отворање односно крајниот рок за поднесување на понудите.

Доколку понудата ја потпишува лице овластено од одговорното лице, во прилог се доставува и овластување за потпишување на понудата потпишано од одговорното лице. Подетални информации за начинот на дигитално потпишување се содржани во Прилог 2 од “Прирачник за користење на ЕСЈН“ објавен на почетната страна на ЕСЈН во делот "Економски оператори".

4.3. Економските оператори можат во хартиена форма да ја поднесат документација во нестандарден формат и големина пред крајниот рок за поднесување на понудите, доколку истите се преобемни за скенирање и прикачување на ЕСЈН.

4.4. Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба

Со понудата, понудувачот доставува и електронски потпишана изјава со која потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба во целост утврдени во законот и во тендерската документација и дека ги има на располагање сите документи утврдени во тендерската документација за докажување на исполнувањето на овие критериуми, кои ќе му бидат доставени на договорниот орган доколку неговата понуда биде избрана за најповолна.

4.5. Изјава за сериозност на понудата

Во прилог на понудата, понудувачот доставува и електронски потпишана изјава за сериозност на понудата, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација. Доколку дојде до прекршување на дадената изјава за сериозност на понудата, истото ќе резултира со издавање негативна референца против таквиот понудувач на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки.

4.6. Изјава за независна понуда

Во прилог на понудата, покрај изјавата за сериозност на понудата, понудувачот доставува и електронски потпишана изјава за независна понуда, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација, каде е подетално објаснето нејзиното значење како и кои дејствија ќе се преземат доколку договорниот орган добие сознанија дека дадените наводи се невистинити. Изјавата од ставот на овој член ја потпишува исклучиво одговорното лице, се доставува заедно со понудата и не може дополнително да се достави по истекот на рокот за поднесување на понудите.

Изјавата за независна понуда не може да гласи на ниту едно друго лице освен на одговорното лице. Изјавата се потпишува електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице. Доколку образецот е потпишан од лице овластено за дигитално потпишување, тогаш истиот задолжително треба да е своерачно потпишан од одговорното лице, скениран и на таков формат да биде аплициран дигитален потпис.

4.7. Елементи на понудата

Понудата треба да е составена од следниве елементи:

-образец на понуда (прилог 1),

-изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба; (прилог 2),

-изјава за сериозност на понудата (прилог 3),

-изјава на економскиот оператор дека понудата ја поднел независно (прилог 4),

-документи за докажување на способноста за вршење на професионална дејност наведени во точка 2.2.1 од тендерската документација,

-документи за докажување на способноста за вршење на техничка или професионална способност наведени во точка 2.3.1 од тендерската документација,

-модел на договор (прилог 5)

4.8. Јазик на понудата

Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата кои се разменуваат со понудувачот, се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо.

4.9. Период на важност на понудата

Периодот на важност на понудата ќе изнесува 90 дена од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

4.10. Принцип на една понуда

Едно право или физичко лице може да поднесе само една понуда, без оглед дали ја доставува поединечно или како член на група на понудувачи. Во спротивно сите понуди во кои се јавува тоа правно или физичко лице се отфрлаат.

## 5. Краен рок и место за поднесување на понудите

5.1. Краен рок за поднесување на понудите е **29.3.2019 година во 10:00 часот.**

5.2. Понудите се поднесуваат преку ЕСЈН достапен преку следнава веб адреса: https://www.e-nabavki.gov.mk.

5.3. Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите нема да биде примена во ЕСЈН, односно ќе биде автоматски отфрлена за што и договорниот орган и економскиот оператор ќе бидат известени и истата нема да се прикаже при јавното отворање на понудите.

**6. Јавно отварање**

6.1. На јавното отворање на понудите може да присуствува секое заинтересирано лице.

6.2. Само овластените претставници на понудувачите можат да учествуваат во постапката на јавно отворање на понудите со давање на свои забелешки во записникот од отворањето на понудите.

6.3. Овластените претставници на економските оператори на јавното отворање мораат да носат овластување потпишано од одговорното лице на економскиот оператор. Сите овластени претставници на економските оператори, присутни на јавното отворање, треба да потпишат евидентен лист.

6.4. Јавното отворање ќе се одржи на **29.3.2019 година, во 10:00 часот**, во Македонската академија на науките и уметностите.

6.5. Доставените понуди се отвораат согласно Законот за јавните набавки и тоа: една по една, со читање на името на економскиот оператор, при што се констатира дали понудите се доставени според точка 4.7 од тендерската документација и дали се дали се електронски потпишани, а потоа се пристапува кон читање на понудите по истиот редослед по кој тие се отворени, освен понудите, кои согласно Законот за јавните набавки, се исклучуваат од натамошната постапка. После тоа се пристапува кон читање на цените на понудата, вклучувајќи какви било попусти и постоењето на гаранција на понудата. Само попустите кои се прочитани на јавното отворање на понудата ќе се разгледуваат при евалуацијата на понудите. Ниту една понуда нема да биде отфрлена на отворањето на понудите.
6.6. Комисијата за јавни набавки ќе пристапи кон јавно отворање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.

6.7. Во текот на отворањето на понудите се води записник според Правилникот за постапката на отворањето на понудите и Образецот за водење на записник за отворањето на понудите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 154/07).

**7. Критериум за доделување на договорот**
Критериум за доделување на договорот за јавна набавка е најниска цена. За носител на набавката ќе биде избран оној економски оператор кој ќе понуди најниска цена во текот на електронската аукција, а чија понуда претходно е оценета како прифатлива. Во постапка која завршува со спроведување на електронска аукција не се врши бодување на понудите, туку само рангирање на понудувачите според висината на понудените цени.

**8. Посебни начини за доделување на договорот за јавна набавка**

8.1. Договорот за јавна набавка ќе се додели со примена на постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас, која ќе заврши со електронска аукција како последна фаза во постапката.

8.2. Оваа постапка ќе се спроведува со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) (https://www.e-nabavki.gov.mk).

8.3. Подетални информации за користењето на електронски средства: За да можете да учествувате во постапката, потребно е да се регистрирате во ЕСЈН и да поседувате дигитален сертификат. Економскиот оператор се регистрира во ЕСЈН со пополнување на регистрациска форма која е составен дел од ЕСЈН[2], по што ЕСЈН автоматски ги обработува податоците од регистрациската форма, генерира шифра и истата ја доставува на регистрираната електронска пошта на економскиот оператор. Повеќе информации за начинот на регистрација и користење на системот ќе најдете во Прирачникот за

[2] Линк „Регистрирај се“ во делот „Економски оператори“ на почетната страна на ЕСЈН

користење на ЕСЈН наменет за економски оператори, кој можете да го преземете од почетната страна на ЕСЈН во делот „Економски оператори“.

8.4. Подетални информации за електронската аукција: Договорниот орган ќе користи електронска аукција како последна фаза во постапката со барање за прибирање на понуди. Предмет на електронската аукција е вкупната цена вклучувајќи ги сите трошоци и попусти и увозни царини, без ДДВ. Почетна цена на електронската аукција е најниската цена, од прифатливите понуди поднесени во првичната фаза од постапката.
Доколку е поднесена само една понуда или само една прифатлива понуда, договорниот орган ќе го покани единствениот понудувач да поднесе конечна цена преку ЕСЈН. Во поканата за поднесување конечна цена се содржани следниве податоци: идентификување на делот на понудата кој ќе биде предмет на поднесување конечна цена, информации кои ќе му бидат достапни пред поднесувањето на конечната цена и временскиот период за поднесување конечна цена. Единствениот понудувач ја поднесува конечната цена во утврденото време само еднаш, а доколку не поднесе конечна цена, првично понудената цена ќе се смета за конечна.

**9. Доделување на договорот за јавна набавка**

9.1. Договорниот орган, по спроведената електронска аукција како последна фаза во постапката за барање за прибирање на понуди, договорот му го доделува на економскиот оператор чија понуда има најниска цена.

9.2. Доколку две или повеќе понуди имаат иста цена, за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој прв ја поднел понудата

9.3. Доколку никој не поднесе нова цена во текот на електронската аукција, а притоа две или повеќе понуди имаат идентична цена, за најповолна ќе биде избрана порано поднесената понуда.

9.4. Во случај во текот на аукцијата да нема негативно наддавање, договорниот орган може да му го додели договорот за јавна набавка на економскиот оператор чија првична прифатлива понуда има најниска цена.

9.5. По завршувањето на електронската аукција и изборот на најповолен понудувач, доколку предметот на набавката или поединечниот дел се состои од повеќе ставки, цената на секоја од поединечните ставки ќе се пресметува со соодветно намалување кое ќе биде еднакво на процентот на намалување на цената на првичната понуда на избраниот најповолен понудувач (пред електронската аукција) и цената на последната понуда (по завршувањето на аукцијата).

**10. Известување за доделување на договорот за јавна набавка**

10.1. По завршувањето на електронската аукција на јавниот дел од ЕСЈН автоматски се објавува и до сите учесници на аукцијата автоматски се испраќа известување за економскиот оператор кој што поднел најповолна понуда во текот на негативното наддавање. Известувањето е од информативен карактер и не предизвиква правни последици. Исходот од електронската аукција е основ за донесување на одлука за избор на најповолна понуда.

10.2. Избраниот најповолен економски оператор ќе биде известен во електронска форма преку ЕСЈН дека неговата понуда е прифатена, најдоцна во рок од 3 дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда. Во исто време, и сите други економски оператори ќе бидат известени за резултатите од постапката, одлуката кој е најповолен економски оператор како и за причините за неизбор на нивната понуда. Економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во извештајот од спроведената постапка.

**11. Правна заштита**
Секој понудувач кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка, во согласност со условите и постапката предвидени со Законот за јавните набавки. Правото на жалба во постапка која завршува

со електронска аукција се остварува по донесување на одлуката за избор на најповолен понудувач или поништување на постапката.

**12. Завршување на постапката за доделување на договор за јавна набавка**

Постапката за доделување на договор за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

# ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА

***Услуги за одржување на хигиена во зграда***

За потребите на Договорниот орган во период од 1 (една) година, потребно е да се извршуваат услуги за чистење и хигиенско одржување на деловните простории, скалишниот простор, тоалетите, ходниците, скалишниот простор пред влезовите.

Хигиенското одржување потребно е да се врши во зградата со кои располага договорниот орган со вкупна површина од 1.200 м$^2$, од кој еден дел од 500 м$^2$ и еден дел од 700 м$^2$ комбинација тврди и меки подови.

Чистењето и хигиенското одржување предвидено е да се остварува со ангажирање на минимум 2 (две) лица од понеделник до петок и тоа прва смена со работно време од 7:00 до 13:00 часот.

Основни обврски на Носителот на набавката за предметните услуги се:

**<u>Дневни задолжителни активности</u>**

- Метење, чистење и влажно пребришување на скалишен простор, гелендери со соодветни средства за таа намена и со пријатен мирис;
- Мупирање/џогирање на подните површини со соодветни еколошки средства;
- Отстранување на прашина и пајажина, собирање на сметот од корпите за отпадоци и замена на соодветни црни кеси за отпад во сите простории и изнесување на сметот до место за отпад;
- Проветрување и освежување на затворените простории;
- Метење и чистење на скалишен простор пред влезот (собирање отпадоци и отпушоци, лисја, хартии и друг вид на смет);
- Чистење и влажно пребришување на подни и ѕидни керамички плочки во тоалетите со соодветени средства за таа намена;
- Дезинфекција на тоалетни шолји, мијалници, чешми и други санитарии во објектите со соодветни средства за таа намена, со водење евиденција за извршената дезинфекција на видно место во тоалетите.

**<u>Неделни задолжителни активности – еднаш во неделата</u>**

- Метење, чистење и пребришување на канцелариски мебел, инвентар и опрема (канцелариски маси, бироа, столови, телефони, ИТ опрема, печатачи, фиокари, плакари, и друг ситен инвентар);
- Чистење и влажно пребришување на врати и каси за врати, кваки итн.;
- Вшмукување на теписони со правосмукалка.

**<u>Месечни задолжителни активности – секој месец</u>**

- Чистење и влажно пребришување на достапни прозорци со стакло (внатрешно и надворешно) и рамки на прозорци со соодветни средства за таа намена;
- Чистење и собирање на прашина и пајажина на високи и тешко достапни места.

**<u>Шестмесечни задолжителни активности – на секои шест месеци</u>**

- Генерално чистење на севкупниот простор, машинско темелно чистење на подните површини, темелна дезинфекција на тоалетите и санитарните јазли, пребришување на севкупниот инвентар, чистење на сите стаклени површини внатрешно и надворешно.

За хигиенското одржување на објектите предвидено е Носителот на набавката да обезбеди квалификувани и обучени работници (хигиеничари). Работниците (хигиеничари) треба да бидат подобни и од аспект на доверливоста при извршување на услугите, како и обучени на професионален однос кон вработените и корисниците на договорниот орган. Хигиеничарите треба да бидат облечени во сопствени ХТЗ униформи при извршување на работите.

Хигиенското одржување потребно е да се извршува со користење на еколошки хигиенски средства предвидени за намената за која се користат, односно еколошки средства за чистење/полирање, средства за чистење на керамички плочки во тоалетите кои оставаат ефект на пријатен мирис и свежина во просторот, еколошки средства за чистење и дезинфекција на тоалетите, вклучувајќи ги и

тоалетните шолји, мијалниците, чешмите кои вршат чистење и дезинфекција од бактерии, го острануваат бигорот и мувлата.

Носителот на набавката не смее да користи несоодветни средства односно средства кои можат да нанесат штета на мебелот, инвентар и опрема, штета која би можела да настане со неправилно ракување со специјалните машини или несоодветни крпи итн.

Исто така, просториите кои нема да бидат достапни за чистење во одредени периоди од денот, Носителот на набавката е должен да се организира согласно динамиката на работа на самиот договорен орган и во периодот кога тој простор ќе биде ослободен да го изврши потребното чистење.

Потребните крпи, машини, опрема и другите неопходно потребни средства се на товар на Носителот на набавката и истиот е должен навремено да ги обезбеди и користи со цел непречено одвивање на процесот на одржување на хигиената.

Потребните хигиенски средства за чистење се на товар на Договорниот орган и истиот е должен навремено да ги обезбеди со цел непречено одвивање на процесот на одржување на хигиената.

**Прилог 1 – Образец на понуда**

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот број 20/2019 објавен од страна на Македонската академија на науките и уметностите за доделување на договор за јавна набавка на услуги за ***Услуги за одржување на хигиена во зграда***, со спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

| | | |
|---|---|---|
| I.1 | Име на понудувачот | ______________________________ |
| I.2 | Контакт информации | |
| — | Адреса: | ______________________________ |
| — | Телефон: | ______________________________ |
| — | Факс: | ______________________________ |
| — | Е-пошта: | ______________________________ |
| — | Лице за контакт: | ______________________________ |
| I.3 | Одговорно лице: | ______________________________ |
| I.4 | Даночен број | ______________________________ |
| I.5 | Жиро сметка и депонент банка | ______________________________ |

**Дел II – Техничка понуда**

II.1 Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за извршувањето на услугите – предмет на оваа јавна набавка.

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на извршувањето на услугата утврдени во тендерската документација

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1. Вкупната цена на нашата понуда за ***Услуги за одржување на хигиена во зграда*** (со засметани трошоци и попусти) без ДДВ изнесува:

________________________ *(со бројки)* ________________________*[со букви]* денари.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува________________________денари.

III.2. Детален приказ на вкупната цена на нашата понуда е даден во следнава табела:

| Реден број | Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Единечна цена со ДДВ | Вкупна цена без ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Тековно одржување на хигиена со ангажирање на минимум 2 (две) лица | месец | 12 | | | | |
| 2 | Периодични шестмесечни задолжителни активности / Генерално чистење 2 пати годишно | пакет | 2 | | | | |
| | | | | | **вкупна цена без ДДВ:** *предмет на е-аукција | | |

**Дел IV.**
- Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.
- Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

**Нашата понуда се состои од:**
-образец на понуда (прилог 1),
-изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба; (прилог 2),
-изјава за сериозност на понудата (прилог 3),
-изјава на економскиот оператор дека понудата ја поднел независно (прилог 4),
-документи за докажување на способноста за вршење на професионална дејност наведени во точка 2.2.1 од тендерската документација,
-документи за докажување на способноста за вршење на техничка или професионална способност наведени во точка 2.3.1 од тендерската документација,
-модел на договор (прилог 5)

| Место и датум | Одговорно лице |
|---|---|
| ____________________________ | ____________________________ |
| | (потпис) * |

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

**Прилог 2 – Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба**

**И З Ј А В А**

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудувачот ____________________________________________________________ *[се наведува назив на понудувачот]* во целост ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба на понудувачите утврдени во законот и во тендерската документација по огласот за доделување на договор за јавна набавка на услуги со предмет ***Услуги за одржување на хигиена во зграда*** објавен од страна на Македонската академија на науките и уметностите со барање за прибирање на понуди и дека понудувачот ги има на располагање сите документи утврдени во тендерската документација за докажување на исполнувањето на овие критериуми, кои ќе му бидат доставени на договорниот орган доколку нашата понуда биде избрана за најповолна.

| Место и датум | Одговорно лице |
|---|---|
| ___________________________ | ___________________________ |
| | (потпис) * |

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

**Прилог 3 – Изјава за сериозност на понудата**

**И З Ј А В А**

Јас, долупотпишаниот ______________________________________ [име и презиме], врз основа на член 47 став 1 од Законот за јавните набавки, а во својство на одговорно лице на понудувачот_______________________________________________________, изјавувам дека во целост ја гарантирам содржината на понудата и дека понудата е валидна и правно обврзувачка за нас во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од прекршување на оваа изјава во случаите од член 47 став 6 од Законот за јавните набавки, што ќе доведе до издавање негативна референца од страна на договорниот орган против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

Место и датум                                        Одговорно лице

___________________________                    ___________________________
                                                              (потпис) *

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

**Прилог 4 – Изјава за независна понуда**

**И З Ј А В А**

Јас, долупотпишаниот* ______________________________________ [име и презиме], врз основа на член 129 став 2 од Законот за јавните набавки, а во својство на одговорно лице на понудувачот ____________________________________, под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудата за ***Услуги за одржување на хигиена во зграда*** по оглас број 20/2019 ја поднесувам независно, без договор со други економски оператори на начин кој не е спротивен на прописите за заштита на конкуренцијата.

Истовремено, под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека при доставувањето на понудата за постапката бр. 20/2019 не учествувам со други економски оператори со кои сум капитално, сопственички или роднински поврзан.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од давање на невистинити наводи во изјавата, што може да доведе до поведување на соодветна постапка против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

Место и датум

___________________________

Одговорно лице

___________________________

(потпис) **

**Изјавата за независна понуда не може да гласи на ниту едно друго лице освен на одговорното лице.*
*** Овој образец се потпишува електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице. Доколку образецот е потпишан од лице овластено за дигитално потпишување, тогаш истиот задолжително треба да е своерачно потпишан од одговорното лице, скениран и на таков формат да биде аплициран дигитален потпис.*

**Прилог 5 – Модел на договор**

Склучен помеѓу:
**1.** Македонската академија на науките и уметностите, со седиште ул. Крсте Мисирков бр.2- 1000 Скопје, застапувана од секретарот на МАНУ, акад. Леонид Грчев (во понатамошниот текст: **Договорен орган**) од една страна, и
**2.** (во понатамошниот текст: **Носител на набавка**) од друга страна.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**
**Член 1**

Предмет на овој договор е ***Услуги за одржување на хигиена во зграда***, а по спроведена постапка со барање за прибирање на понуди со оглас бр. **20/2019**, во согласност со прифатена понуда, по спроведена е-аукција/поднесена конечна цена и во се според техничката спецификација и цени кои се составен дел на овој договор.

**ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**
**Член 2**

Вредноста на овој договор без пресметан ДДВ изнесува ******* (***) денари без ДДВ, односно ******* (***) денари со вклучен ДДВ од 18 %.

| Реден број | Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Единечна цена со ДДВ | Вкупна цена без ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Тековно одржување на хигиена со ангажирање на минимум 2 (две) лица | месец | 12 | | | | |
| 2 | Периодични шестмесечни задолжителни активности / Генерално чистење 2 пати годишно | пакет | 2 | | | | |

**МЕСТО И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**
**Член 3**

Носителот на набавката се обврзува да извршува услуги за чистење и хигиенско одржување на деловните простории, скалишниот простор, тоалетите, ходниците, скалишниот простор пред влезовите во зградата на договорниот орган со вкупна површина од 1.200 м$^2$, од кој еден дел од 500 м$^2$ и еден дел од 700 м$^2$ комбинација тврди и меки подови. За чистењето и хигиенското одржување на зградата на Договорниот орган должен е да ангажира 2 (две) лица од понеделник до петок и тоа прва смена со работно време од 7:00 до 13:00 часот.

**НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**
**Член 5**

Носителот на набавката ќе достави фактура во рок од 5 работни дена во тековниот месец, а за извршените услуги во претходниот месец.

Носителот на набавката ќе достави фактура во рок од 5 работни дена по извршување на услугата периодични шестмесечни задолжителни активности / Генерално чистење, а за извршените услуги по доставено барање на електронската пошта на Носителот на набавката наведена во образецот на понуда.

Фактурата која е издадена треба да е во согласност со член 53 од Законот за данокот на додадена вредност.

Договорниот орган плаќањето на фактурите ќе го изврши во согласност со член 6 од Законот за финансиска дисциплина.

**РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**
**Член 6**

Кога едната од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

**Член 7**

Доколку дојде до раскинување на Договорот, договорната страна која го раскинува договорот е должна за тоа писмено да ја извести другата договорна страна во рок од 2 (два) дена од денот кога најавила дека ќе го раскине Договорот.

**Член 8**

Договорот ќе биде раскинат и доколку Носителот на набавката не се придржува односно постапува спротивно на одредбите на овој договор, односно не ја изврши услуга согласно член 3 од Договорот.

Во овој случај Договорниот орган ќе го извести Носителот на набавката дека го раскинува договорот нема да ја плати доставената фактура и ќе наплати пенали согласно член 12.

**Член 9**

Договорните страни се согласија дека во случај на еднострано раскинување на овој Договор од страна на Носителот на набавката или неисполнување на неговите обврски, Договорниот орган има право на надомест на сите трошоци што се во врска со предметот на договорот, како и на надомест на штета.

**ДОГОВОРНА КАЗНА И НАДОМЕСТ НА ШТЕТА**

**Член 10**

Договорниот орган има право на договорна казна во износ од 20% од вкупната вредност на договорот доколку Носителот на набавката доцни со исполнување на обврските или неуредно ги исполнува обврските од договорот, согласно роковите и условите утврдени во истиот.

Договорната казна ќе се пресметува од моментот на настанувањето на условите предвидени со ставот 1 на овој член, за што Договорниот орган веднаш писмено ќе го извести Носителот на набавката.

Во случај на доцнење односно неуредно извршување на договорот, Носителот на набавката се обврзува покрај договорната казна да ја надомести и штетата на Договорниот орган, настаната поради доцнење односно неуредно извршување на договорот.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 11**

За се што не е предвидено со овој договор важат одредбите од Закон за облигационите односи.

**Член 12**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено ќе ги решава надлежен суд во Скопје.

**Член 13**

Можните измени настанати по склучување на овој договор, договорните страни ќе ги договорат спогодбено и писмено и ќе ги приклучат кон овој договор со анекси.

**Член 14**

Овој договор влегува во сила со денот на неговото потпишување.

**Член 15**

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

Потпис на Одговорно лице на понудувачот*

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

***Забелешка: Договорниот орган го задржува правото при склучувањето на договорот со избраниот носител на набавката да внесе одделни измени во текстот на договорот а кои нема да се однесуваат на измена на веќе утврдените услови во тендерската документација.*